Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

УП1 БР. 14-393
година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), врс основа на член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Наука за книжевност на Филолошки факултет „Блаже Конески"-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Наука за книжевност на Филолошки факултет „Блаже Конески"-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Филолошки факултет „Блаже Конески", при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, достави барања под нивен број 10-181/7 од 14.02.2019 година (под наш УП1 бр. 14-393 од 14.02.2019 година) за извршување на увид на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Наука за книжевност, со Решение бр. 1409-413/2 од 18.01.2019 година, издадена од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-393 од 01.03.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус студии наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 27.02.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-393 од 04.02.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма наведена во точка 1 на ова Решение, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Dr. Arbër Ademi

Доставено до:
- Архива

изработил: Нухи Ајдини
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил. Dr.Agim Rushiti